ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

1. Упатство за постапување на избраните лекари (општа медицина, геникологија и стоматологија) во врска со обврската за пропишување на лекови на печатен рецепт на товар на фондот за здравствено осигурување на Македонија

2. Упатство (Известување) за ПЗУ Аптеки кои имаат Договор со ФЗОМ за постапување со печатениот рецептен образец

3. Упатство (Известување) за програмерските фирми кои ги изработуваат/одржуваат софтверските решенија на избраните матични лекари

СКОПЈЕ, Јуни 2011 ГОДИНА

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 1. Упатство за постапување на избраните лекари (општа медицина, гинекологија и стоматологија) во врска со обврската за пропишување на лекови на печатен рецепт на товар на фондот за здравствено осигурување на Македонија

Фондот за здравствено осигурување на Македонија со цел да ја олесни постапката за пропишување на лекови од листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот предвиде одредби во Договорите за 2011/2012 година со кои ПЗУ од ПЗЗ се обврзуваат да користат печатен рецептен образец од 01.07.2011 година. Целта е да се постигне ефикасност, читливост, исклучување на грешки при пополнување на рецептните обрасци.

Согласно Член 16 став 6 од Договорите за извршување и плаќање на здравствените услуги во примарна здравствена заштита и Член 13 став 6 од Договорот за обезбедување и плаќање на здравствени услуги во примарна стоматолошка здравствена заштита, рецептниот образец избраниот лекар и лекарот замена, е должен да го изготви и пополни во електронска форма (која ќе биде објавена на web страната на Фондот, www.fzo.org.mk), да го испечати и испечатениот рецепт да го завери со печат на здравствената установа, факсимил и потпис на лекарот.

Избраниот лекар е должен во рецептниот образец да ги пополни сите полиња кои се однесуваат во делот на пропишување на лекот и податоците за осигуреникот, а за лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот со режим на пропишување по препорака на специјалист/суб-специјалист да го внесе бројот на факсимилот во соодветното место на рецептниот образец.

Исклучок претставуваат:

- Лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за кои е потребно мислење на лекарски конзилиум чијашто препорака се евидентира на задната страна на рецептниот образец со наведување на име и презиме на лекарите и броевите на факсимилите.

- Исклучокот ќе се применува до објавувањето на новиот рецептен образец со Правилникот за содржината и начинот на остварувањето

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување.

Пропишаните лекови на рецепт, избраниот лекар и лекарот замена, е должен да ги запишува целосно и уредно по генеричко име на лекот со фармацевтска дозажна форма, јачина и количина на лекот, со факсимил и потпис на лекарот на рецептниот образец и во здравствената легитимација на осигуреникот.

За хроничната терапија во здравствената легитимација на осигуреникот уредно се запишува пропишаниот лек за секој месец поединечно, со датумот назначен на рецептот како датум на пропишување, согласно ставот 5 од Член 16 во Договорот за извршување и плаќање на здравствените услуги во примарна здравствена заштита и ставот 5 од Член 13 во Договорот за обезбедување и плаќање на здравствени услуги во примарна стоматолошка здравствена заштита.

Во случаи кога имаме:

1. Прекин на електрична енергија;
2. Дефекти на компјутерот и/или печатарот;
3. Пропишување на наркотици и опијати;
4. Пропишување на лекови од страна на лекари во дежурна служба;
5. Пропишување на лекови на странски осигуреници кои потекнуваат од земји со кои Република Македонија има склучено договор за социјално осигурување или се корисници на европска здравствена картичка;
6. Пропишување на лекови од страна на избран лекар во ПЗУ кои се прогласени за рурални согласно Одлука донесена од страна на Управниот одбор на ФЗОМ;
7. Пропишување на лекови од страна на избраниот лекар кој покрај дејноста која ја обавува во матичната ординација повремено обавува дејност и во работни единици (пунктови) согласно Решението добиено од страна на Министерството за здравство;

Избраниот лекар треба да постапува на следниот начин:

## <u>1. Прекин на електрична енергија</u>

1-а) **Краткотрајни прекини на електрична енергија** - Доколку прекинот на струјата е во траење помалку од 24 часа или со повремени прекини, избраниот лекар заедно со фактурата за

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

тековниот месец треба да достави список на рачно пропишани рецепти со генеричкото име на лек и име и презиме на осигуреници за кои се пропишани истите. Списокот го доставува до соодветната подрачна служба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со допис дека имало повремени прекини на електричната енергија. Истите потребно е да се евидентираат во здравствениот картон на осигурениците како рачно пропишани рецепти.

1-б) **Долготрајни прекини на електрична енергија** - Доколку прекинот на струјата е во траење подолго од 24 часа избраниот лекар за истиот треба заедно со фактурата за тековниот месец да се достави список на рачно пропишани рецепти со генеричкото име на лек и име и презиме на осигуреници за кои се пропишани истите во соодветната подрачна служба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со допис дека прекинот е пријавен во ЕВН и се чека сервисирање на истиот од нивна страна. Истите потребно е да се евидентираат во здравствениот картон на осигурениците како рачно пропишани рецепти.

Во списоците во кои се наведени рачно пропишаните рецепти треба да биде наведено времетраењето на прекинот (од/до) за секој прекин поединечно.

## 2 Дефекти на компјутерот и/или печатарот на лекарскиот тим во ординацијата

2-а) Во случај на дефект на компјутерот и/или принтерот на лекарскиот тим кој поседува еден компјутер односно принтер како и во случај на проблеми односно неработење на апликацијата на избраниот лекар се постапува на следниов начин:

- Во случај на хардверски проблем или проблем со системскиот софтвер, потребно е избраниот лекар заедно со фактурата за тековниот месец да достави список на рачно пропишани рецепти со генеричкото име на лек и име и презиме на осигуреници за кои се пропишани истите во соодветната подрачна служба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со приложување на доказ од страна на сервисерот.

- Во случај на проблем со апликацијата избраниот лекар е потребно да контактира со одржувачот на неговата апликација и истиот да му

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

го отстрани проблемот во најбрз можен временски рок. Избраниот лекар во овој случај заедно со фактурата за тековниот месец доставува список на рачно пропишани рецепти со генеричкото име на лек и име и презиме на осигуреници за кои се пропишани истите во соодветната подрачна служба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со приложување на доказ од страна на одржувачот на апликацијата за тежината на проблемот и времето потребно истиот да се отстрани.

2-б) Во случај на дефект на компјутерската опрема и апликацијата во ординации кои поседуваат по повеќе компјутери, принтери, се постапува на следниов начин:

- Во случај на хардверски проблем на компјутерот на кој е сместена базата на податоци или на принтерот (во случај кога се поседува само еден принтер) тогаш избраниот лекар заедно со фактурата за тековниот месец доставува список на рачно пропишани рецепти со генеричкото име на лек и име и презиме на осигуреници за кои се пропишани истите во соодветната подрачна служба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со приложување на доказ од страна на сервисерот.
- Во случај на хардверски проблем на компјутер на кој не е сместена базата на податоци, а на кој се работи апликацијата на избраниот лекар, во тој случај се продолжува со работа само на другиот компјутер (на оној на кој е сместена базата на податоци или пак на компјутер на кој е инсталирана апликацијата и на кој претходно се работела апликацијата).
- Во случај на проблем со базата на податоци, избраниот лекар е потребно да контактира со одржувачот на нивната апликација и истиот да им го отстрани проблемот во најбрз можен временски рок. Избраниот лекар заедно со фактурата за тековниот месец доставува список на рачно пропишани рецепти во соодветната подрачна служба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со приложување на известување од страна на одржувачот на апликацијата за тежината на проблемот и времето потребно истиот да се отстрани.

Рок за отстранување на хардверски проблеми и проблемите со системскиот софтвер, со кои е оневозможено нормалното работење со апликацијата е максимум 5 работни дена додека за софтверските проблеми за работа со апликацијата со кои е оневозможено нормалното работење е 2 дена.

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Во сите случаи на проблеми избраниот лекар рачно ги препишува рецептите со користење на печатни букви, при што текстот треба да биде јасен и читлив.

Во овие дефекти и проблеми не се опфатени недостаток на потрошен материјал како тонер, хартија и сл.

Во списоците во кои се наведени рачно пропишаните рецепти треба да биде наведено времетраењето на прекинот (од/до) за секој прекин поединечно.

## 3. Пропишување на наркотици - опијати

Во моментот печатениот рецепт нема да се користи за пропишување на лекови наркотика - опијати кои според законската регулатива се пропишуваат на двоен рецепт и истиот ќе се изготвува рачно со печатни букви читко испишани. Печатењето на рецептниот образец за наркотици и опијати ќе се применува со донесувањето на новиот рецептен образец за што ќе има дополнително известување.

## 4. Пропишување на лекови од страна на лекари во дежурна служба

Печатениот рецепт нема да се користи за лекари во дежурна служба. Овие рецептни обрасци ќе содржат печат „дежурна служба“ со што се потврдува дека се пропишани од страна на лекари во дежурна служба.

## 5. Пропишување на лекови на странски осигуреници

Печатениот образец нема да се користи за лекови пропишани на странски осигуреници кои потекнуваат од земји со кои Република Македонија има склучено Договор за социјално осигурување или се корисници на европска здравствена картичка.

## 6. Пропишување на лекови од страна на избран лекар во ПЗУ кои се прогласени за рурални согласно Одлука донесена од страна на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Печатениот рецепт нема да се користи за лекарите кои покрај дејноста која ја обавуваат во матичната ординација која е прогласена за рурална со Одлука донесена од страна на Управниот одбор на ФЗОМ, повремено

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

обавуваат дејност со еден лекарски тим и во пунктови во други населени места дефинирани со Одлука на Управен одбор на ФЗОМ во подрачјето кое е прогласено за рурално.

На овие рецепти ќе биде назначено дека се препишани во населено место кое е дел од подрачјето кое е прогласено за рурално со Одлука на УО на ФЗОМ но истото е оддалечено од руралната амбуланта.

Здравствените установи од примарна здравствена заштита се должни да постапуваат согласно одредбите од ова упатство и Договорите за извршување и плаќање на здравствените услуги во примарна здравствена заштита.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија на својата web страница ќе објави список на рурални подрачја согласно Одлуки донесени од страна на УО на ФЗОМ.

## 7. Пропишување на лекови од страна на избраниот лекар кој покрај дејноста која ја обавува во матичната ординација повремено обавува дејност и во работни единици (пунктови) согласно Решението добиено од страна на Министерството за здравство.

Печатениот рецепт нема да се користи за избраните лекари кои покрај дејноста која ја обавуваат во матичната ординација повремено обавуваат дејност со истиот лекарски тим и во работни единици (пунктови) согласно Решението добиено од страна на Министерството за здравство.

На овие рецепти ќе стои печат кој ќе означува дека се пропишани во работна единица (пункт). Лекарите кои имаат вакви Решенија од страна на Министерството за здравство ќе треба да изготват ваков печат.

Подрачните служби на Фондот за здравствено осигурување на Македонија согласно доставените Понуди за склучување на договори имаат список на здравствени установи кои во Решението издадено од страна на Министерството за здравство имаат добиено дозвола за вршење на дејноста и во работни единици (пунктови). Списокот на ваквите здравствени установи подрачните служби ќе го следат и ажурираат редовно.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 2. Упатство (Известување) за ПЗУ Аптеки кои имаат Договор со ФЗОМ за постапување со печатениот рецептен образец

Согласно Договорите склучени помеѓу ФЗОМ и ПЗУ од ПЗЗ за 2011/2012 година, избраните лекари кои се вработени во здравствените установи се должни да го печатат рецептниот образец од 01.07.2011 година, односно истиот да го пополнуваат во електронска форма, освен во исклучителни случаи, точно определени од страна на ФЗОМ преку упатство наменето за избраните лекари (општа медицина, гинекологија и стоматологија).

ПЗУ Аптеки кои имаат склучено договор со ФЗОМ за 2011/2012 година, треба да ги прифаќаат и рачно пополнетите рецептни обрасци. Контролата на истите од аспект на причините заради кои е извршено рачно пополнување на рецептот од страна на избраниот лекар ќе се врши во подрачните служби на Фондот.

Лековите за хронична терапија пропишани до 30.06.2011 година потребно е да се прифаќаат, односно да се издаваат лекови на осигурените лица најдоцна до 30.09.2011 година, а за акутна терапија лековите пропишани до 30.06.2011 година да се прифаќаат и да се издаваат на осигурените лица до 04.07.2011 година (бидејќи важноста на акутната терапија е 5 дена).

Избраниот лекар рачно го пополнува рецептниот образец при:

1. Прекин на електрична енергија;
2. Дефекти на компјутерот и/или печатарот;
3. Пропишување на наркотици и опијати;
4. Пропишување на лекови од страна на лекари во дежурна служба.
5. Лекови пропишани на странски осигуреници кои потекнуваат од земји со кои Република Македонија има склучено договор за социјално осигурување или се корисници на европска здравствена картичка;
6. Пропишување на лекови од страна на избран лекар во ПЗУ кои се прогласени за рурални согласно Одлука донесена од страна на Управниот одбор на ФЗОМ;
7. Пропишување на лекови од страна на избраниот лекар кој покрај дејноста која ја обавува во матичната ординација повремено обавува дејност и во работни единици (пунктови) согласно Решението добиено од страна на Министерството за здравство;

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 3. Упатство (Известување) за програмерските фирми кои ги изработуваат/одржуваат софтверските решенија на избраните матични лекари

Сите програмерски фирми/програмери кои ги изготвуваат/одржуваат софтверките решенија кај избраните лекари (општи лекари, гинеколози и стоматолози), потребно е во апликациите кои ги имаат избраните лекари да ги овозможат следниве функционалности:

1. Печатење на факсимилот на лекарот/лекарите како бар код преку апликација на рецепниот образец;
2. Печатење на податоците кои се содржани на рецептот од апликација;
3. Печатење на рецепт за пациентите од страна на замената на нивниот избран матичен лекар преку внес на податоците за пациентот во апликација кои се содржани на рецептот;
4. Внес на податоците за пациентите од избраниот матичен лекар кај неговата замена преку автоматско вчитување на податоци од дискета, usb стик со цел да се овозможи побрзо печатење на рецептите од апликација за пациентите на кои лекарот е замена.

Функционалностите од точките 1, 2, 3 се задолжителни. Што се однесува на функционалноста наведени во точка 4 се по барање на претставници од здружението на приватни лекари, истите не се задолжителни. Точката 4 е воведена со цел да се скрати времето на рачен внес на податоците во апликација за лекарите кои се замена за избраниот лекар.

Изготвиле:
В.Д Директор на сектор контрола Д-р Снежана Бузалкова - Китанчева
В.Д Директор на сектор за правни работи Трајче Саздов
Директор на сектор информатика Гоце Гаврилов

**Директор**
**М-р Маја Парнарџиева – Змејкова**

**В.Д Директор**
**М-р Виолета Петровска**